

# СПИСАНИЕ НА ТРУДОВИ НА ДНУ - ПРИЛЕП
# JURNAL OF PAPERS OF THE SOCIETY FOR SCIENCE AND ART PRILEP

ТОМ 34-35 ГОДИШТЕ
2018-2019
ПРИЛЕП


| СП. ТР. ДНУ – ПРИЛЕП 34/35 | Стр 1-172, Прилеп, 2018-2019 |
|---|---|
| JUR.PAP.SSA – PRILEP 34/35 | Page 1 -172, Prilep, 2018-2019 |

# СПИСАНИЕ НА ТРУДОВИ НА ДНУ ПРИЛЕП

# JOURNAL OF PAPERS OF THE SOCIETY FOR SCIENCE AND ART PRILEP

**Том 34 – 35**

**Годиште 2018 – 2019**

**Прилеп**

**Прилеп 2022 Prilep**

**Излегува:** еднаш годишно
**Главен и одговорен уредник**
**Editor in chief**
вонр. проф. д-р Силвана Пашовска
**Редакциски одбор**
**Editorijal board**
вонр. проф д-р Силвана Пашовска
проф д-р Љубен Попоски
проф д-р Јованка Тутеска
проф. д-р Гордана Мицеска
дипл. прав. Тодор Алексоски
проф д-р Цане Котески
**Превод на англиски јазик**
**Translated in to English**
Од авторите
**By the authors**
**Јазична редакција и корекција**
**Language editing and proofreading**
Тодор Алексоски
**За издавачот**
вонр. проф. д-р Силвана Пашовска
**Списание на трудови на ДНУ-Прилеп, бр. 34-35, 2018-2019**
**Печати: печатница „Ацетони" – Прилеп**
**Тираж: 150 примероци**
**Адреса на Редакцијата на списанието:**
ДНУ Прилеп, 7 500, Прилепски бранители бр. 40, п. фах. 172
**ISSN** 0352 – 3497

# СПИСАНИЕ НА ТРУДОВИ
# ДРУШТВО НА НАУКА И УМЕТНОСТ – ПРИЛЕП

## СОДРЖИНА

**ПРЕДГОВОР** .......................................................................................... 3

**д-р Јане Алексоски**
Болест од зелен тутун – опасност по здравјето на тутуноберачите .... 8

**Тодор Алексоски – писател**
Рацете се за прегратки, а не за насилство Македонски бисери на мудроста……………………………………………………………….... 18

**Протоереј Златко Антелески**
**Чувајте се од кучињата!** Положбата и улогата на кучињата во библискиот дискурс .............................................................................. 24

**м-р Зоран Василески**
Јавната дипломатија – инструмент во промоција на државата……..36

**проф. д-р Биљана Гвероска, проф. д-р Гордана Мицеска**
Можности за искористување на биолошките потенцијали во заштитата на животната средина………………………………………45

**Филип Димкоски,дипл.земјоделски инженер**
Применливоста на градинарството и училишните градини во одделни наставни предмети во и вон наставните активности во основното образование………………………………………………...…………59

**м-р Каролина Мицевска, м-р Зоран Василески**
Етиката во односите со јавноста........................................................... 69

**м-р Каролина Мицевска**
Претставите од Гогољ во театарот „Војдан Чернодрински“ – Безвременска хроника........................................................................... 83

**вонр. проф. д-р Силвана Пашовска, м-р Роза Галеска**
Мотивацијата како движечка сила и значајна функција во менаџирањето......................................................................................... 89

**д-р Ѓорѓи Петкоски, д-р Цане Котески, д-р Никола В. Димитров**
*Можности за развој на религиозниот туризам на манастирот Зрзе во* Република Северна Македонија ………………….........................102

**д-р Ѓорѓи Пет**
Манастир Ус
улога за разво
**Петар Петре**
Очи меѓу сонч
**Душко Темел**
Монументалн
**м-р Зоран Тра**
Тенденции во
**Тодор Алекс**
Животот е па
Живот (Life) .
Љубов (Love).
**Марија Симо**
**Стихови од с**
Не прашувај з
Липа (Lipa) ...
Маслинка (Ol
А колку сме?!
Зар толку сме
Брчки (Wrink
Пеперутки (B
**Асен С. Стам**
**Песни**..........
Покрај Варда
Липите расцу
Ми рече тога
Сеќавање (А
Новоизбрани
собрание на Д
**In Memoriam**
Упатство за а
Прилеп“.........

**д-р Ѓорѓи Петкоски, д-р Цане Котески**
Манастир Успение на Пресвета Богородица - Трескавец и неговата улога за развој на туризмот во Пелагонискиот плански гегион…....... 111
**Петар Петрески – писател**
Очи меѓу сончогледите (извадок од необјавен роман)........................ 121
**Душко Темелкоски - археолог, кустос советник**
Монументална раноантичка гробница кај селото Подмол ………….128
**м-р Зоран Трајкоски**
Тенденции во современото деловно опкружување............................. 143
**Тодор Алексоски - поет**
Животот е патешествие, љубовта е волшебна...................................... 156
Живот (Life) ........................................................................................ 156
Љубов (Love)........................................................................................ 157
**Марија Симоноска – поетеса**
**Стихови од секојдневието**.................................................................. 159
Не прашувај за вистината (Don't ask for the truth) ............................. 159
Липа (Lipa) .......................................................................................... 160
Маслинка (Olive) ................................................................................. ..161
А колку сме?! (And how many are we?!) ............................................ .162
Зар толку сме! (Are we that many!) .................................................... .163
Брчки (Wrinkles) ) ............................................................................... ...164
Пеперутки (Butterflies) .......................................................................
**Асен С. Стаменов - поет** ........................................................... 165
**Песни**........................................................................................ 165
Покрај Вардар (Near Vardar…............................................................ 166
Липите расцутеа (The lime trees blossomed) ..................................... 167
Ми рече тогаш (He told me then) ........................................................ 168
Сеќавање (A memory) ..........................................................................
Новоизбрани членови на јубилејното и годишно собрание на ДНУ-Прилеп одржано на 28. 04. 2021 год.......................... 169
............................................................................................................ ...170
**In Memoriam**.......................................................................................
Упатство за авторите во "Списание на трудови на ДНУ – Прилеп".............................................................................................. 171

# МАНАСТИР УСПЕНИЕ НА ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦА-ТРЕСКАВЕЦ И НЕГОВАТА УЛОГА ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО ПЕЛАГОНИСКИТ ПЛАНСКИ РЕГИОН

# MONASTERY ASSUMPTION OF THE HOLY VIRGIN - TRESKAVEC AND ITS ROLE FOR THE DEVELOPMENT OF TOURISM IN THE PELAGONIAN PLANNING REGION

Ѓорѓи Петкоски
Универзитет „Гоце Делчев"- Штип, Факултет за Туризам и бизнис логистика-Гевгелија
petkoskigjorgji@gmail.com

Цане Котески
Универзитет „Гоце Делчев-Штип, Факултет за Туризам и бизнис логистика-Гевгелија
cane.koteski@ugd.edu.mk

**АПСТРАКТ**

Манастирот Успание на Пресвета Богородица-Трескавец се наоѓа на 8 километри северно од градот Прилеп, се наоѓа на 1280 метри надморска височина меѓу карпите под Златоврв. До манастирот се стига по новоизградениот асвалтен пат кој се извојува од регионалниот пат Прилеп - Македоски Брод (Р513). Манастирот е изграден во карпа, од кој се отвора прекрасен поглед кон Пелагониската котлина. За убавината на сегашната црква голем придонес имаат мермерните декорации кои се вградени од многу постариот ранохристијански храм. Особено е впечатлива манастирскаа трпезарија од XIV век со сочувани камени седишта и други камени трпези во кои се вдлабени посебни места за нозете. Во нив бил вложен огромен труд и пари обработувајќиги огромните камени блокови, тешки повеќе од два тона. Манастирот е повеќе посетен за време на викендите и од поголем број на гости верници и туристи за време на манастирскита слава Голема Богородица или Успение на Пресвета Богородица на 28 август секоја година.

**Клучни зборови:** туризам, туристи, религиозен објект, културно наследство, духовност.

**ABSTRACT**

The Monastery of the Assumption of the Most Holy Mother of God-Treskavec is located 10 km away from the city of Prilep, at 1280 meters above sea level among the rocks under Zlatovrv. The monastery can be reached by the newly built asphalt road which separates from the regional road Prilep - Makedonski Brod. The monastery is built on a rock, which opens a beautiful view of the Pelagonija valley. The marble decorations embedded in the much older early Christian temple make a great contribution to the beauty of the present church. The 14th century monastery dining room with preserved stone seats and other stone tables with special recesses for the legs is especially impressive. Huge labor and money were invested in them, processing huge stone blocks, weighing more than two tons. The monastery is more visited during the weekends and by a large number of guests, believers and tourists during the monastery celebration of the Great Mother of God or the Assumption of the Most Holy Mother of God on August 28 every year.

**Key words:** tourism, tourists, religious building, cultural heritage, spirituality.

## ВОВЕД

Многу значајна улога има манастирскиот туризам во развојот на туризмот во Пелагонискиот плански регион и во Република Северна Македонија. Република Северна Македонија и Пелагонискиот плански регион кој ги опфаќа градовите: Битола, Демир Хисар, Крушево, Ресен, Прилеп и селските општини: Долнени, Кривогаштани и Новаци имаат многу значајни манастири од различни периоди и од повеќе аспекти: културен, историски, религиозен и туристички. Во Република Северна Македонија имаме манастири кои постојат и се стари повеќе од еден милениум (1000 години) како на пример Бигорскиот Манастир и Св Наум. Манастирите во Пелагонискиот плански регион се од значајно духовна вредност за православните христијани и странските туристи. Познати манастири во Пелагонискиот плански регион се: Манастирот Успение на Пресвета Богородица- Трескавец, Слепчанскиот манастир, манастирот Св Архангел Михаил, манастирот Св. Димитрија с. Селце, манастирот Св. Спас Крушево и други манастири и цркви. Исто така во манастирите има конаци со кревети кои им се нудат за спиење на посетителите, исто така постојат и куњи за готвење на храна. Јас како професионален готвач како специјалист од областа на Туризмот и угостителството често сум повикуван да готвам на манастирските слави. Треба да се спомнат големите количини зготвена храна и благодета господова на зготвените јадења кои имаат прекрасен вкус и секогаш се запаметени манастирските јадења кај присутните гости. Исто така многу важен фактор за развој на манастирскит туризам е и новоизградениот асвалтен пат во вредност од два милиони евра до Манастирот Успение на Пресвета Богородица кој овозможува на секој верник и турист кој има желба да го посети манастир.

### 1. Историски развој на Манастирот Успение на Пресвета Богородица

На врвот од Трескавец постоело светилиште усте во античко време, а денеска е едно од најголемите монашки и духовни светилишта. Од римската епоха 2-3 век потекнуваат два натписа на мермерни постаменти, посветени на Аполон Етеуданос ( Гломобиец) и Артемида. Тука е споменато и името на светилиштето, Колобаиса. Местото било обслужувано од посветени луѓе и прислушници и од нив потекнуваат бројни гробови, јужно од врвот (од хеленистичко и римско време). На крајот од антиката на местото на античкиот храм била подигната христијанска црква. Манастирската црква Св. Богородица сочувана до денес потекнува од XIV век, меѓутоа била изградена врз постари остатоци. Опколена е со манастирски конаци и со други градби а целиот комплекс е опфатен со ѕидови подигнати врз постоечки остатоци. Тука постоеле и амбари, магацини, визби и други економски објекти на големиот манастирски имот. Манастирот бил основан најдоцна во 1230 година.

Во тоа време пазарот во Прилеп бил должен да му плаќа 100 перпери данок годишно. Во несигурните времиња во доцниот XIV век манастирот како укрепен простор на Трескавец не сомнено служел како збег за околното население. Кон крајот на XVI век во манастирот се одвивала препишувачка дејност, познато е името на препишувачот Јоаникиј. Во XVIII и XIX век во манастирот постоело и училиште. Во XIX век околу манастирската црква се подигнати конаци со помош на приходите од прилепските занаетчии-еснафи. (Димитров, Методијески, Котески, Ангелкова-Петкова, Религиозен туризам, 2017).




**Слика 1.** Местоположба на Манастирот  Успение на Пресвета Богородица
Извор: www.pelagon.mk/2022/01/14/манастирот-трескавец-кај-прилеп-во-ср/




**Слика 2.** Приказ на Црквата „Успение на Пресвета Богородица“
Извор: www.pelagon.mk/2022/01/14/манастирот-трескавец-кај-прилеп-во-ср/

## 2. Патна инфрструктура до манастирот Трескавец

Ако решите да потувате од Скопје со афтомобил до Прилеп ќе ви бидат потребни некаде околу два и пол часа. Постојат две рути преку Е75 преку афтопатот Пријателство и регионалниот пат (Р106) Градско-Прилеп со должина од 132 километри или преку М4 Скопје-Тетово-Гостивар-Кичево-М.Брод-Прилеп Р513 со должина од 118 километри.

Прилеп е оддалечен од Битола 40 километри (Р106). Со оглед на фактот што од грчката граница до Битола има само 15 километри манастирот Трескавец срдечно го

препорачуваме на сите грчки туристи кои често престојуваат во Битола. Дел од својето слободно време можат да го искористат да го посетат овај манастир, и сме сигурни дека ќе ги импресионира со својота убавина. ( Котески, Собраќај во туризмот, 2017).




**Слика 3.** Приказ на новоизградениот асвалтен пат и паркинг до манастирот Трескавец
Извор: off-road.mk/manastir-trekavec/

## 3. Приготвување и послужување на храна во кујната и трпезаријата на манастирот

Неизбежна работа во секој манастир е кујната и трпезаријата. На денот на манастирската слава 28 август се подготвуваат и јадења во зависност од тоа празникот во кој ден паѓа, ако е во среда и петок тогаш е посно менито, доколку е во други денови тогаш се готви мрсно јадење.

***Во време на посни денови се приготвуват следите јадења кои се многу вкусни бидеќи се пригорвени во големи количини и тоа:***

- ***Манастирски грав*** (подготвувањето е на следниов начин и тоа за една особа се ставаат грав 0,120 грама, кромид 0,030 грама, морков 0,010 грама зачини масло потоа се вари гравот 3 до 4 часа на тивок оган на шпорет ѕидан на дрва правата мајсторија е во тоа што е готвено на дрва).

- ***Посна јанија*** (во јанијата се става зеленчук од: кромид, морков, праз, компир, масло, грашак, црвена пипер, ѓувеќ постапката за приготвување е следна: во казанот се става масло потоа кромидот, морковот и празот се пржат потоа се додава црвената пипер, пота се пропржува и се додава ѓувеќот, и потоа се остава да динста едно 90 минути. Потоа се додава компирот и грашакот. Кога ќе се сварат компирот и грашакот јанијата се запржува и се зачинува).

- ***Исто така има и салати плус од главните јадења и тоа:*** зелка салата, мешана салата и туршија.



**Слика 4.** Тавче гравче

***Во време кога нее пост се приготвуваат следниве јадејна:***

- Јанија со јунешко месо;
- Растурена мусака;
- Гулаш;
- Селско месо;
- Човте во сос;
- Јанија со јагнешко месо и компири; и
- Јагњина печени на ражен.

Во трпезаријата се послужува зготвената храна. Се поставуваат чаршафи, тајнири, прибор за јадење, леб исто така и пијалоци. Исто така треба да се спомне кога има посетители имаат право на зготвено јадење да јадат во трпезаријата но кога ќе завршат треба да се остави средена и чиста како што била предходно кујната и трпезаријата.

Манастирот има и конаци кои служат за пренoќување на посетителите кои сакаат да останат повеќе денови.

## 4. Посетеност на манастирот

Манастирот Трескавец е најпосетен за време на неговата слава 8 август и празниците Мала и Голема Богородица. Посетен е преку неделата, викендите и во сите други периоди од годината. Манастирот Трескавец е место со долга историја, кое Прилепчани, традиционално многу го посетувале и во минатото и сега а голем интерес има за овај споменик на културата покажуваат и гостите од целата наша држава Република Северна Македонија, како и странците. Во просек неделно го посетуваат по 40 – 50 туристи од целиот свет – од Јапонија, Израел, од Европа авантуристи и вљубеници во културното наследство и во природата.



**Слика 5.** Приказ на манастирскиот комплекс со конаците и црквата.
Ивор: www.bing.com/search?q=слики+од+манастирот+трескавец-Прилеп&cvid=57e1cd2a561e4dc9984b98928aba1788&aqs=edge..69i57.18242j0j1&pglt=41&FORM=ANNAB1&PC=U531

**Заклучок**

Манастирот Успение на Превета Богородица-Трескавец е манастир кој привлекува доста туристи и верници и претставува голем потенцијал за развој на религиозниот туризам и на Пелагонискит плански регион. Манастирот е изграден на постоечките темели од рано христијанскиот период. Интересно е да се каже дека мотивацијата е доживување на духовното преку Светата Литургија, разговорот со духовникот, нивниот живот и молитвата.

Манастрските конаци кои имаат голема улога за преноќување на посетителите од нашата држава и странските туристи. Исто така има и куња за приготвување на храна и трпезарија за послужување на храна. Природата околу манастирот е вистински рај за уживање и сите гости и туристи се инпресионирани. Секој домашен гостин и турист кој го посетил манастирот е воодушевен од неговата архитектура, амбиентот, природата околу манастирот, и вкусно подготвената храна.

**Conclusion**

The Monastery of the Assumption of the Most Holy Mother of God - Treskavec is a monastery that attracts many tourists and believers and is a great potential for the development of religious tourism and the Pelagonija planning region. The monastery is built on the existing foundations of the early Christian period. It is interesting to say that the motivation is to experience the spiritual through the Holy Liturgy, the conversation with the spiritualist, their life and prayer. The monastery lodgings that have a great role in overnight stay of the visitors from our country and foreign tourists. There is also a kitchen for cooking and a dining room for serving food. The nature around the monastery is a real paradise to enjoy and all guests and tourists are impressed. Every guest and tourist who visits the monastery is delighted with its architecture, ambiance, nature around the monastery, and deliciously prepared food.

**ЛИТЕРАТУРА:**


1. Vrguljan V, Medjunarodni sistem zastite kulturnih i prirodnih dobara, Zagreb – Beograd,1985
2. Димитров, В.,Н., Котески, Ц.(2015). Туристичка географија, Универзитет "Гоце Делчев"- Штип, ISBN 978-608-244-216-7,
3. Котески, Ц., Димитров, В., Н.(2019). Национална туристичка географија, ISBN 978-608-244-641-7 Универзитет "Гоце Делчев"- Штип,
4. Koteski, Cane (2010) Меѓународен туристички сообраќај – авторизирани предавања.
5. Koteski, Cane and Dimitrov, Nikola and Jakovlev, Zlatko (2016) Состојба на македонската сообраќајна мрежа и нејзиното влијание врз меѓународниот сообраќај. Bulletin of Papers ASA - 2008-2009. pp. 53-69. ISSN 0352-3497
6. Котески, Ц.(2017). Сообраќај во туризмот, Универзитет "Гоце Делчев"-Штип, ISBN 978-608-244-395-9
7. Просторен План на Република Македонија, Министерство за животна средина и просторно планирање (2.07. 2107).
8. Ристов Ј.(1997). Споменичка терминологија – генерички поими за заштитени добра со избор на дефиниции, Скопје.
9. Никола В. Димитров, Дејан Методијески, Цане Котески, Тања Ангелкова Петкова (2017) Религиозен туризам http://e-lib.ugd.edu.mk/709 , „Гоце Делчев“ Универзитет, Штип. ISBN 978-608-244-463-5